# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО

С О Д Р Ж И Н А

| | | |
|---|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 29.05.2025<br>БРОЈ 61 | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |


З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за недонесување на Годишен План за вработување за 2026 година на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово;

Одлука за недонесување на Годишен План за вработување за 2026 година на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово;

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за недонесување на Годишен План за вработување за 2026 година на ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново, Берово;

Одлука за недонесување на Годишен План за вработување за 2026 година на ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново, Берово;

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за Реонизација на основни училишта на територијата на Општина Берово;

Одлука за Реонизација на основни училишта на територијата на Општина Берово;

З А К Л У Ч О К за објавување на Измена на ПРОГРАМА за развој на спорт и спортско рекреативни активности на општина Берово за 2025 година;

Измена на ПРОГРАМА за развој на спорт и спортско рекреативни активности на општина Берово за 2025 година;

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на времено користење без надоместок на движни ствари - 120 (сто и дваесет) броја столови за конгресна сала за потребите на Здружението Владимерски Илинденски Средби Владимирово;

О Д Л У К А за давање на времено користење без надоместок на движни ствари - 120 (сто и дваесет) броја столови за конгресна сала за потребите на Здружението Владимерски Илинденски Средби Владимирово;

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на овластување на Градоначалникот на општина Берово за давање на времено користење, без надомест, на основни средства и ситен инвентар;

О Д Л У К А за давање на овластување на Градоначалникот на општина Берово за давање на времено користење, без надомест, на основни средства и ситен инвентар;

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното и средното образование на подрачјето на општина Берово за учебната 2025/2026 година;

О Д Л У К А за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното и средното образование на подрачјето на општина Берово за учебната 2025/2026 година;

З А К Л У Ч О К за објавување на Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член во Управен одбор на ОЈУДГ “23 Август” Берово;

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член во Управен одбор на ОЈУДГ “23 Август” Берово;

З А К Л У Ч О К за објавување на Р Е Ш Е Н И Е за предлагање преставник на Општина Берово во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово;

Р Е Ш Е Н И Е за предлагање преставник на Општина Берово во Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово;

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за неприфаќање на Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово за вршење работи и работни задачи во надлежност на Општината, Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат, овластен комунален инспектор;

Одлука за неприфаќање на Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово за вршење работи и работни задачи во надлежност на Општината, Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат, овластен комунален инспектор;

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за неприфаќање на Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово за вршење работи и работни задачи во надлежност на Општината, Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат, овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност;

Одлука за неприфаќање на Предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово за вршење работи и работни задачи во надлежност на Општината, Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат, овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност;

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за недонесување на О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите - Согласност за легализација на објект на КП 1648, КО Берово, по барање на Павлина Механџиска од Берово;

Одлука за недонесување на О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите - Согласност за легализација на објект на КП 1648, КО Берово, по барање на Павлина Механџиска од Берово;

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот - Согласност за легализација на објект на КП 4305/2, КО Берово по барање на Илија Сачкарски од Берово;

О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот - Согласност за легализација на објект на КП 4305/2, КО Берово по барање на Илија Сачкарски од Берово;

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за недонесување на О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот- Согласност за легализација на објект на КП 11699, КО Берово вон град, по барање на БОБАН и ДАРКО ДОНЕВСКИ од Куманово;

Одлука за недонесување на О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот- Согласност за легализација на објект на КП 11699, КО Берово вон град, по барање на БОБАН и ДАРКО ДОНЕВСКИ од Куманово;

З А К Л У Ч О К за објавување на **О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, за градби со намена А4 - Времено сместување Викенд куќи, на КП 1481, КП 1483 и дел од КП 1487 и КП 1488, КО Берово, Општина Берово;**

**О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички план, за градби со намена А4 - Времено сместување Викенд куќи, на КП 1481, КП 1483 и дел од КП 1487 и КП 1488, КО Берово, Општина Берово;**

З А К Л У Ч О К за објавување на **О Д Л У К А за давање во сопственост и владение, без надоместок, на следната движна ствар – тракторска косилка на ЈПКР “Услуга” Берово;**

**О Д Л У К А за давање во сопственост и владение, без надоместок, на следната движна ствар – тракторска косилка на ЈПКР “Услуга” Берово;**

З А К Л У Ч О К за објавување на **О Д Л У К А за збратимување помеѓу Општина Берово, Република Северна Македонија и Општина Врпоље, Република Хрватска;**

**О Д Л У К А за збратимување помеѓу Општина Берово, Република Северна Македонија и Општина Врпоље, Република Хрватска;**

З А К Л У Ч О К за објавување на **Одлука за определување на висина на цена за превоз за учениците од ОСУ “Ацо Русковски” Берово за релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025 – 2026 година;**

**Одлука за определување на висина на цена за превоз за учениците од ОСУ “Ацо Русковски” Берово за релации за кои нема обезбедено линиски превоз за учебната 2025 – 2026 година;**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за недавање на согласност на
Годишен План за вработување за
2026 година
на ООУ "Дедо Иљо Малешевски"
Берово

Се објавува О Д Л У К А за недавање на согласност на Годишен План за вработување за 2026 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово Бр.09-2050/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.05.2025 година.

Бр.08-2083/1 ОПШТИНА БЕРОВО
29.05.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Берово на 63-тата седница одржана на ден 28.05.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за недавање на согласност на
Годишен План за вработување за 2026 година
на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово

Член 1

Не се дава согласност на Годишен План за вработување за 2026 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово, со бр.01-275/1 од 06.05.2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2050/1 Совет на Општина Берово
28.05.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за недавање на согласност на
Годишен План за вработување за
2026 година
на ООУ "Никола Петров Русински"
с.Русиново, Берово

Се објавува О Д Л У К А за недавање на согласност на Годишен План за вработување за 2026 година на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово Бр.09-2051/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.05.2025 година.

Бр.08-2083/2 ОПШТИНА БЕРОВО
29.05.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/2002 и "Сл.весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Берово на 63-тата седница одржана на ден 28.05.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за недавање на согласност на
Годишен План за вработување за 2026 година
на ООУ "Никола Петров Русински"
с.Русиново, Берово

Член 1

Не се дава согласност на Годишен План за вработување за 2026 година на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово, со бр.01-100/1 од 30.04.2025 година.

Члн 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-2051/1 Совет на Општина Берово
28.05.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

***********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
**О Д Л У К А**
**ЗА РЕОНИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА**
**НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БЕРОВО**

Се објавува **О Д Л У К А ЗА РЕОНИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БЕРОВО** Бр.09-2052/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.05.2025 година.

Бр.08-2083/3 ОПШТИНА БЕРОВО
29.05.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 63 став 4 од Законот за основно образование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и член 22 точка 8 од Законот за локална самоуправа "Службен весник на Република Македонија" број 05/02 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" број 202/24) и член 16 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Берово

("Службен Гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 63-тата седница одржана на 28.05.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА РЕОНИЗАЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА**
**НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА БЕРОВО**

**Член 1**

На територијата на Општина Берово, се утврдуваат 2 (два) реони на општинските основни училишта во кои се запишуваат деца во прво одделение, со цел за сеопфатно и задолжително образование и тоа:

**1. Реон на ООУ „Дедо Иљо Малешевски" Берово**

***1.1. ООУ „Дедо Иљо Малешевски" Берово - матична зграда;***

Овој реон ги опфаќа учениците кои живеат во градот Берово, учениците кои живеат во с.Смојмирово, с.Владимирово и с.Мачево (од причина што Подрачните училишта во овие населени места се ставени во мирување со Одлуки на Совет на Општина Берово).

***1.2. ООУ „Дедо Иљо Малешевски" Берово, Подрачно училиште во с.Митрашинци;***

- ги опфаќа учениците кои живеат во с.Митрашинци.

***1.3. ООУ „Дедо Иљо Малешевски" Берово, Подрачно училиште во с. Будинарци;***

- ги опфаќа учениците кои живеат во селото Будинарци и село Мачево.

***1.4. ООУ „Дедо Иљо Малешевски" Берово, Подрачно училиште во с. Ратево;***

- ги опфаќа учениците кои живеат во село Ратево.

***1.5. ООУ „Дедо Иљо Малешевски" Берово, Подрачно училиште во с. Двориште;***

- ги опфаќа учениците кои живеат во село Двориште.

**2. Реон ООУ „Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово**

***2.1. ООУ „Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово - матична зграда;***

Овој реон ги опфаќа учениците што живеат во село Русиново.

**Член 2**

Со влегување во сила на оваа Одлука Престанува да важи Одлуката за реонизација на основни училишта на територијата на Општина Берово со Број 09-2372/1 од 29.07.2020 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-2052/1 Совет на Општина Берово
28.05.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и Сл.весник на РСМ" бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

**Измена на ПРОГРАМА**
за развој на спорт и спортско рекреативни активности на општина Берово за 2025 година

Се објавува **Измена на - ПРОГРАМА** за развој на спорт и спортско рекреативни

активности на општина Берово за 2025 година Бр.09-2053/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.05.2025 година.

Бр.08-2083/4 ОПШТИНА БЕРОВО
29.05.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Општина Берово

**Предлог Измена на - ПРОГРАМА**
За развој на спорт и спортско рекреативни активности на општина Берово за 2025 година

**Спорт**

Одделение за јавни дејности



**Совет на Општина Берово**

ОПШТИНА БЕРОВО

„Димитар Влахов“ бр.10,
2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:so.berovo@t-home.mk

ОПШТИНА БЕРОВО

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(„Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 73 од Статутот на Општина Берово(„Сл.гласник на Општина Берово„ 13/02, 18/07, 30/08, 20/10,20/19 и 47/21 и 30/23) и согласно Барање за Измена на Програмата за развој на спорт и спортско рекреативни активности на општина Берово за 2025 година, бр.1-27/1 од 20.05.2025 година, заверено во архива на општина Берово со број 09-1960/1 од 20.05.2025 година, доставено од страна на ОФК Малеш – Берово, Советот на Општина Берово на ____-та седница одржана на __.__._____ год.донесува:

**ИЗМЕНА НА ПРОГРАМА**
**За развој на спорт и спортско рекреативни активности на Општина Берово за 2025 година**

**Член 1**

Во Програмата за развој на спортот и спортско рекреативните активности на Општина Берово за 2025 година, бр.09-4174/1 од 18.12.2024 година, табелата:

| | Активност | Носители на активноста | Извори на средства | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ЕЛС | Други извори |
| **I СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | | | | |
| **I.1.** | **Зимски турнир на мал Фудбал Работнички спортски игри** | Општина Берово | 40.000,00 | |
| **I.2.** | **Турнир во мал Фудбал – с.Русиново** | МЗ с. Руснова и Општина Берово | 5 000,00 | |
| **I.3.** | **Турнир во мал Фудбал – с.Смојмирово** | МЗ с. Смојмирово и Општина Берово | 5 000,00 | |
| **I.4.** | **Турнир во мал Фудбал – с.Двориште** | МЗ с. Двориште и Општина Берово | 5 000,00 | |
| **I.5.** | **Турнир во мал Фудбал –с.Ратево** | МЗ с. Ратево и Општина Берово | 5 000,00 | |
| **I.6.** | **Турнир во мал Фудбал – с.Митрашинци** | МЗ с. Митрашинци и Општина Берово | 5 000,00 | |
| **I.7.** | **Турнир во мал Фудбал – с.Будинарци** | МЗ с, Будинарци и Општина Берово | 5 000,00 | |
| **I.8.** | **Турнир во мал Фудбал –с.Мачево** | МЗ с. Мачево и Општина Берово | 5 000,00 | |
| **I.9.** | **Летен Регионален Турнир во мал Фудбал –Берово** | ЗГ и Општина Берово | 50 000,00 | |
| | | **Вкупно I :** | ***125.000,00*** | |

1

ОПШТИНА БЕРОВО

„Димитар Влахов“ бр.10,
2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:so.berovo@t-home.mk

ОПШТИНА БЕРОВО

ПРЕДЛОГ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **II ПОДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ и СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА** | | | | |
| **II.1.** | **Активности согласно поднесени планови и програми од здруженија на граѓани** | **Спортски здруженија на граѓани** | 370. 000,00 | |
| | **Активности согласно План и програма на ОФК Малеш Берово** | ОФК Малеш, Општина Берово | 800 000,00 | |
| | **Активности согласно план и пргама на ОФК Малеш млади категории-деца** | ОФК Малеш, Општина Берово | 400 000,00 | |
| | **ОФ РОУД МЛАЕШ Берово согласно поднесен План за активности** | ОФ РОУД МЛАЕШ Берово | 30 000,00 | |
| | | **Вкупно II:** | **1 600 000,00** | |
| **III УЧИЛИШЕН СПОРТ** | | | | |
| **III.1.** | **Трка по повод денот на пролетта** | Основни и средно училиште, Општина Берово | 50.000,00 | |
| **III.2.** | **Активности согласно План и програма на Училишен спортски клуб** | Училишни спортски клубови | 30 000,00 | |
| | | **Вкупно III** | **80 000,00** | |
| **IV НАГРАДИ ЗА ВРВНИ СПОРТСКИ ДОСТИГНУВАЊА ВО ПОЕДИНЕЧНИ СПОРТОВИ** | | | | |
| **IV .1** | **Други поединечни спортови** | | 100 000,00 | |
| | | **Вкупно IV** | **100 000,00** | |
| **V РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИ ТЕРЕНИ** | | | | |
| **V.1.** | **Реконструкција на соблекувални** | | **380 000,00** | |
| **V.2.** | **Поставување на пластични столчињана трибините на** | | **200 000,00** | |

2

ОПШТИНА БЕРОВО
„Димитар Влахов“ бр.10,
2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:so.berovo@t-home.mk

ОПШТИНА БЕРОВО

ПРЕДЛОГ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Градски стадион Берово** | | | |
| **V.3.** | **Поставување на автоматско наводнување на тревникот** | | **350 000,00** | |
| **V.4.** | **Реконструкција на игралиштето кај стара гимназија (монтажни трибини кај стара гимназија, широко појасен интернет, смарт клупи, специјални светилки за заштита од инсекти и оградување на терените)** | | **1.000.000,00** | |
| | | **Вкупно V** | **1.930.000,00** | |
| | **ВКУПНО:I + II + III + IV + V =** | | **3 835 000,00** | |

**Се заменува со табелата и гласи:**

| | Активност | Носители на активноста | Извори на средства | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ЕЛС | Други извори |
| **I СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | | | | |
| I.1. | **Зимски турнир на мал Фудбал Работнички спортски игри** | Општина Берово | 40.000,00 | |
| I.2. | **Турнир во мал Фудбал – с.Русиново** | МЗ с. Русново и Општина Берово | 5 000,00 | |
| I.3. | **Турнир во мал Фудбал – с.Смојмирово** | МЗ с. Смојмирово и Општина Берово | 5 000,00 | |
| I.4. | **Турнир во мал Фудбал – с.Двориште** | МЗ с. Двориште и Општина Берово | 5 000,00 | |
| I.5. | **Турнир во мал Фудбал –с.Ратево** | МЗ с. Ратево и Општина Берово | 5 000,00 | |
| I.6. | **Турнир во мал Фудбал – с.Митрашинци** | МЗ с. Митрашинци и Општина Берово | 5 000,00 | |
| I.7. | **Турнир во мал** | МЗ с, Будинарци и | 5 000,00 | |

3

ОПШТИНА БЕРОВО
„Димитар Влахов“ бр.10,
2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:so.berovo@t-home.mk

ОПШТИНА БЕРОВО

ПРЕДЛОГ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Фудбал – с.Будинарци** | Општина Берово | | |
| I.8. | **Турнир во мал Фудбал –с.Мачево** | МЗ с. Мачево и Општина Берово | 5 000,00 | |
| I.9. | **Летен Регионален Турнир во мал Фудбал –Берово** | ЗГ и Општина Берово | 50 000,00 | |
| | | **Вкупно I :** | ***125.000,00*** | |
| **II ПОДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ и СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА** | | | | |
| II.1. | **Активности согласно поднесени планови и програми од здруженија на граѓани** | **Спортски здруженија на граѓани** | 370. 000,00 | |
| | **Активности согласно План и програма на ОФК Малеш Берово** | ОФК Малеш, Општина Берово | 800 000,00 | |
| | **Активности согласно план и пргрaма на ОФК Малеш млади категории-деца** | ОФК Малеш, Општина Берово | 300 000,00 | |
| | **Учество на меѓународни турнири на ОФК МАЛЕШ млади категории -деца** | ОФК Малеш, Општина Берово | 100 000,00 | |
| | **ОФ РОУД МЛАЕШ Берово согласно поднесен План за активности** | ОФ РОУД МЛАЕШ Берово | 30 000,00 | |
| | | **Вкупно II:** | **1 600 000,00** | |
| **III УЧИЛИШЕН СПОРТ** | | | | |
| III.1. | **Трка по повод денот на пролетта** | Основни и средно училиште, Општина Берово | 50.000,00 | |
| III.2. | **Активности согласно План и програма на Училишен спортски клуб** | Училишни спортски клубови | 30 000,00 | |
| | | **Вкупно III** | **80 000,00** | |
| **IV НАГРАДИ ЗА ВРВНИ СПОРТСКИ ДОСТИГНУВАЊА ВО ПОЕДИНЕЧНИ СПОРТОВИ** | | | | |

4

ОПШТИНА БЕРОВО
„Димитар Влахов“ бр.10,
2330 Берово
т/ф + 389(0)33 471057
www.berovo.gov.mk
E-mail:so.berovo@t-home.mk

ОПШТИНА БЕРОВО

ПРЕДЛОГ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **IV .1** | **Други поединечни спортови** | | 100 000,00 | |
| | | **Вкупно IV** | **100 000,00** | |
| **V РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИ ТЕРЕНИ** | | | | |
| **V.1.** | **Реконструкција на соблекувални** | | **380 000,00** | |
| **V.2.** | **Поставување на пластични столчињана трибините на Градски стадион Берово** | | **200 000,00** | |
| **V.3.** | **Поставување на автоматско наводнување на тревникот** | | **350 000,00** | |
| **V.4.** | **Реконструкција на игралиштето кај стара гимназија (монтажни трибини кај стара гимназија, широко појасен интернет, смарт клупи, специјални светилки за заштита од инсекти и оградување на терените)** | | **1.000.000,00** | |
| | | **Вкупно V** | **1.930.000,00** | |
| | **ВКУПНО:I + II + III + IV + V =** | | **3 835 000,00** | |

Член 2

Вкупниот износ на распределените средства во табелата 3 835 000,00 не се менува.

Член 3

Оваа измена на Програмата за развој на спорт и спортско рекреативни активности на Општина Берово за 2025 година, влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово” и е составен дел на Програмата број Бр. 09-4174/1 од 18.12.2024 година.

***Бр.09-_____/1***
***__.__._____година***
***Берово***

***Совет на Општина Берово***
***Претседател***
***Петар Ружински***

5

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за давање на времено користење без надоместок на движни ствари -
120 (сто и дваесет) броја столови за конгресна сала за потребите на

Здружението Владимерски Илинденски Средби Владимирово

Се објавува О Д Л У К А за давање на времено користење без надоместок на движни ствари - 120 (сто и дваесет) броја столови за конгресна сала за потребите на Здружението Владимерски Илинденски Средби Владимирово Бр.09-2054/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.05.2025 година.

Бр.08-2083/5 ОПШТИНА БЕРОВО
29.05.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02 и “Сл.Весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со Барањето од ЗВИС со бр.0302/12 од 10.05.2025 година, Советот на Општина Берово на 63-тата седница одржана на 28.05.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање на времено користење без надоместок на движни ствари -
120 (сто и дваесет) броја столови за конгресна сала за потребите на Здружението Владимерски Илинденски Средби Владимирово

Член 1

Со оваа Одлука се даваат на времено користење, без надоместок, следните движни ствари:

- 120 (сто и дваесет) броја столови за конгресна сала за потребите на Здружението Владимерски Илинденски Средби Владимирово;

со инвентарен број БИ/6, евидентирани во пописна листа број 3.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука се сопственост на Општина Берово, а Здружението Владимерски Илинденски Средби Владимирово ќе ги користи без надоместок, а за реализирање на фестивалот “Фолк Фест Владимирово 2025” кој ќе се одржи на 29.05.2025 година во село Владимирово.

Член 3

Здружението Владимерски Илинденски Средби Владимирово има обврска за стварите да се грижи со внимание на добар домаќин односно добар стопанственик.

Корисникот е должен секое оштетување на движните ствари кое ќе настане од моментот на преземање, па се до нејзино враќање, да го надомести.

Движните ствари треба да се вратат во најкус можен рок, не подолг од 2 (два) дена од денот на одржување на настанот.

Член 4

Градоначалникот на Општина Берово со реверс ќе ги предаде стварите на Корисникот на истите.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2054/1 Совет на Општина Берово
28.05.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

**********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за давање на овластување на Градоначалникот на општина Берово
за давање на времено користење, без надомест, на основни средства и ситен инвентар

Се објавува О Д Л У К А за давање на овластување на Градоначалникот на општина Берово за давање на времено користење, без надомест, на основни средства и ситен инвентар Бр.09-2055/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.05.2025 година.

Бр.08-2083/6 ОПШТИНА БЕРОВО
29.05.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02 и “Сл.Весник на РСМ” бр.202/24) и член 19 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 63-тата седница одржана на 28.05.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање на овластување на Градоначалникот на општина Берово
за давање на времено користење, без надомест, на основни средства и ситен инвентар

Член 1

Со оваа Одлука се овластува Градоначалникот на општина Берово да може со реверс да одобрува времено користење, без надомест, на основни средства и ситен инвентар (тезги, столови, маси, огради и слично), на здрженија на граѓани, јавни установи, институции како и други општини од регионот, за потребите на орагизирање на настани од јавен интерес, со цел поддршка на културни, спортски, едукативни, хуманитарни и други јавни настани.

Член 2

Времето и условите за користење на инвентарот ќе бидат утврдени со реверс – записник за предавање и примање, кој го потпишува Градоначалникот и корисникот.

Член 3

Корисникот е должен да го врати инвентарот во состојба во која е прземен или во подобрена состојба.

Во случај на оштетување или загуба, истот ќе биде должен да ја надомести штетата, согласно проценка од надлежните служби во општината.

Член 4

Градоначалникот на Општина Берово со реверс ќе ги предаде стварите на Корисникот на истите.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2055/1 Совет на Општина Берово
28.05.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

**********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици
во основното и средното образование
на подрачјето на општина Берово за учебната 2025/2026 година

Се објавува О Д Л У К А за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на

ученици во основното и средното образование на подрачјето на општина Берово за учебната 2025/2026 година Бр.09-2056/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.05.2025 година.

Бр.08-2083/7 ОПШТИНА БЕРОВО
29.05.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), член 22-б од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25 и 17/25) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово (Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Советот на Општина Берово на 63-тата седница одржана на 28.05.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици
во основното и средното образование
на подрачјето на општина Берово за учебната 2025/2026 година

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Берово ги утврдува цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното образование и средното образование на подрачјето на општина Берово за учебната 2024/2025 година, каде што има утврден возен ред и превозот се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз.

Член 2

Советот на Општина Берово ја утврдува цената и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното образование на подрачјето на општина Берово, каде што има утврден возен ред и превозот се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз на следниот начин:

| ДЕЛ 1 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Смојмирово - Берово – с.Смојмирово (4 x 2 = 8 km вкупно) | Бр. | 1 | 89,6 денари | 89,6 денари | 4,48 денари | 94,08 денари |

| ДЕЛ 2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Владимирово – Берово-с.Владимирово (6 x 2 = 12 km вкупно) | Бр. | 1 | 119,84 денари | 119,84 денари | 5,99 денари | 125,83 денари |

| ДЕЛ 3 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Ратево – Берово - с.Ратево (8 x 2 = 16 km вкупно) | Бр. | 1 | 134,4 денари | 134,4 денари | 6,72 денари | 141,2 денари |

| ДЕЛ 4 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Мачево- с.Будинарци-с.Мачево (2 x 2 = 4 km вкупно) | Бр. | 1 | 89,6 денари | 89,6 денари | 4,48 денари | 94,08 денари |

Член 3

Советот на Општина Берово ја утврдува цената и начинот на бесплатен превоз на ученици во средното образование на подрачјето на општина Берово, каде што има утврден возен ред и превозот се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз на следниот начин:

| ДЕЛ 1 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Русиново – Берово – с.Русиново (6 x 2 = 12 km вкупно) | Бр. | 1 | 119,84 денари | 119,84 денари | 5,99 денари | 125,83 денари |

| ДЕЛ 2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Владимирово – Берово - с.Владимирово (6 x 2 = 12 km вкупно) | Бр. | 1 | 119,84 денари | 119,84 денари | 5,99 денари | 125,83 денари |

| ДЕЛ 3 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Двориште - Берово - с.Двориште (24 x 2 = 48 km вкупно) | Бр. | 1 | 388,64 денари | 388,64 денари | 19,43 денари | 408,07 денари |

| ДЕЛ 4 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Ратево – Берово - с.Ратево (8 x 2 = 16 km вкупно) | Бр. | 1 | 134,4 денари | 134,4 денари | 6,72 денари | 141,2 денари |

| ДЕЛ 5 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Митрашинци - Берово - с.Митрашинци (18 x 2 = 36 km вкупно) | Бр. | 1 | 179,2 денари | 179,2 денари | 8,96 денари | 188,16 денари |

| ДЕЛ 6 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Будинарци- Берово - с.Будинарци (12 x 2 = 24 km вкупно) | Бр. | 1 | 134,4 денари | 134,4 денари | 6,72 денари | 141,2 денари |

| ДЕЛ 7 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| с.Мачево - Берово - с.Мачево (10 x 2 = 20 km вкупно) | Бр. | 1 | 119,84 денари | 119,84 денари | 5,99 денари | 125,83 денари |

| ДЕЛ 8 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с. Смојмирово - Берово - с. Смојмирово (4 x 2 = 8 km вкупно) | Бр. | 1 | 89,6 денари | 89,6 денари | 4,48 денари | 94,08 денари |

Член 4

Цената за услугите од член 2 и член 3 на оваа одлука се однесуваат за еден корисник на услуга по релација.

Вкупната цена на услугите ќе биде утврдена од страна на училиштата во зависност од бројот на ученици (корисници) на услугата, за секоја релација посебно.

Член 5

